Врз основа на член 99 став 1 точка 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки /„Службен весник на РМ„ бр. 136/07 и член 36 од Статутот на Општината Центар – Скопје/„Службен гласник на Општина Центар„ бр. 1/06/, градоначалникот на Општина Центар, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за избор на најповолна понуда во постапката за набавка на идејно решение со преговарање**

1. За најповолна понуда за изработка на идеен проект и модел на скулптура на Цар Јустинијан I се избира понудата на Роза Павлевска од Скопје, доставена под број 08-3033/3 од 19.12.2008. година во износ од 106.750,00 евра во денарска противвредност, односно 6.555.827,оо денари.
2. Со носителот на набавката од точка 1 на ова решение ќе се потпише договор согласно доставената понуда и во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи.
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

Врз основа на Одлуката за подигање спомен обележје на Цар Јустинијан I на Советот на Општината Центар број 07-1768/6 од 09.07.2008 година, Одборот за подигање на спомен обележје на Цар Јустинијан I објави конкурс и спроведе постапка за изработка на идејно решение за подигање спомен обележје - скулптура на Цар Јустинијан I и првата награда ја додели на конкурсниот труд на авторот Роза Павлевска од Скопје.

Бидејки според законот авторот има исклучиво авторско материјално право за разработка на авторското дело - идејно решение за изработка на спомен-обележје на Цар Јустинијан I, Градоначалникот на Општина Центар согласно член 99 став 1 точка 1 алинеја 2 од Законот за јавни набавки, донесе Решение бр. 08-2994/1 од 17.11.2008 година со наведениот автор да спроведее постапка за набавка со преговарање без објавување на јавен оглас на услуга - изработка на идеен проект со модел за подигање спомен обележје, а самата изработка на спомен обележјето да се довери на изведувач кој ќе се одбере во друга постапка за јавна набавка според Законот за јавни набавки.

Во постапка за набавка со преговарање, со цел да се постигне економски најприфатлива цена, Комисијата за јавни набавки заедно со надворешните стручни лица, прибави 3 (три) сукцесивни понуди со кои понудувачот побара надоместок во износи од 149.000,00 Евра, потоа 138.000,00 Евра, и како конечна понуда по спроведените преговори дадена е понудата од 106.750,00 Евра. Врз основа на преговорите со понудувачот, изготвени се извештаи на надворешните стручни лица и на Комисијата за јавни набавки со кои, за најповолна понуда за доделување на договор за јавната набавка е оценета понудата на авторот Роза Павлевска во износ од 106.750,00 евра во денарска противвредност.

Врз основа на сето изнесено, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Бр. 08-3093/4**
**29.12. 2008 г.**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Виолета Аларова**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ